Зорица САЛТИРОВСКА

# ЧОВЕЧКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ И МОТИВИРАНОСТА ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ

Случувањата во 20 век, а посебно во последната деценија, јасно укажуваат на тоа дека живееме во опасен свет. Бројните општествени судири, разните општествени природни и технички појави кои во определени варијанти и облици пројавуваат деструктивно дејство насочено кон загрозување на безбедноста во дадено општество, крупните поместувања на политички, економски и воено-стратегиски план, се само дел од облиците со кои може да се загрози мирот и безбедноста во светот. Меѓународната безбедносна ситуација мошне брзо се менува, а надворешните опасности се појавуваат неочекувано и од непредвидени извори. Најчесто жртви на напади и агресија се малите непровокативни нации и новите независни држави, но и големите земји со развиени воени капацитети не се имуни на надворешни напади. Исто така, факт е дека и внатрешните напади се честа појава ширум светот, а посебно во поранешните комунистички земји и во новоформираните држави кои го сочинуваа Советскиот Сојуз и СФРЈ. Како да се зачува националната независност, како да се обезбеди опстанокот во меѓународната заедница и како да се заштитат новите демократски системи, се прашања од примарно значење за овие држави. При пронаоѓањето фиксен национално-одбранбен систем, овие држави треба да водат сметка и за опасностите од војна и внатрешно насилство, за високата економска цена на военото опремување и вооружување кое ги отежнува и онака сериозните економски проблеми, како и за ризикот од губење на својата независност поради зависноста од моќниот сојузник или сојуз.

По осамостојувањето на Република Македонија настанаа радикални промени во нејзиниот политички систем. Македонија е конституирана како граѓанска, демократска и правна држава во која е воведен политички плурализам и собраниски систем, како и слободни непосредни и демократски избори. Спомнатите промени имаат големо влијание врз изградбата и организацијата на армијата, и уште во самиот почеток навестија промени и во воената организација: создавање сопствени воо-

ружени сили како физичка сила за заштита на независноста и територијалниот интегритет на државата, нивно деполитизирање, воспоставување цивилна контрола врз воената организација, отворање на армијата спрема општеството и јавноста итн. Процесот на изградба на современи вооружени сили е само започнат и мора да остане флексибилен и да ги има предвид предизвиците на иднината и потребните безбедносни капацитети. „Афирмирањето на професионалниот воен систем и доброволната војска отвораат нови односи и релации кон воената организација. Ова дотолку повеќе бидејќи процесот е отворен во развиените демократски земји кон кои се стреми Републиката.“[1] Поради тоа како суштинско се наметнува прашањето за големината на вооружените сили, начинот на пополнувањето, како и изборот на оптимален облик на воено организирање. Добро пополнета и подготвена армија може да одговори на своите задачи, па прашањето за мотивираноста на човечкиот фактор станува сè поактуелно, а потребата од негово проучување неопходна.

### *1. Човечкиот фактор и промените во регрутниот систем*

Самото постоење на армијата наметнува бројни прашања, а одговорот на тие прашања го дефинира нејзиниот статус и нејзината улога во државата.

Едно од позначајните прашања кое се наметнува самото по себе е организацијата на пополнувањето која го дава моделот на војската со која располага некоја држава. Кога се разгледуваат, пак, моделите на војските, централно прашање (не само поради типот на воената организација со која се располага, туку и поради положбата и видот на општеството и односот меѓу воената организација и цивилните институции) е регрутниот систем кој некоја држава сака да го примени. Прашањето не е само од техничка природа, туку пред сè е политичко. Проблемот на регрутацијата, како и секој друг голем проблем, не може да се разгледува апстрактно. Напротив, мора да се разгледува во контекстот на сите

---

[1] Даскаловски Синиша, Вооружени сили на Македонија, НИП Студентски збор, Скопје, 1998, стр. 142.

фактори кои го условуваат (идеолошки, политички, економски, социјални), имајќи ја предвид посебноста на воената организација.

Сè до Втората светска војна, речиси сите воени сили во време на мир покажувале потенцијални можности за една цел: судир со противничките сили во војна. Нивна задача била да се обучат што поголем број млади луѓе со цел да се формираат добро обучени резерви кои се мобилизираат во случај на загрозување на безбедноста однадвор.

Денес, приоритетна цел е да се располага со еден непосредно употреблив воен инструмент кој овозможува (со својата ефективна моќ на одвраќање) отстранување на опасности од судири. Динамичката цел – учество во војна – заменета е со статичка цел – одржување на мирот со стратегиска рамнотежа на силите и со силата на одвраќање. Приоритетна цел на денешните војски е постигнување непосредна оперативна готовност која подразбира постоење на веќе обучени луѓе во неопходна квантитативна и квалитативна мерка.

Тоа значи и нешто повеќе: пред Втората светска војна потребите на постојаниот состав (во повеќето држави) биле ограничени од бројот на старешини потребни во единиците и за извршување на посебни задачи од заднинско-административен карактер. Денес, меѓутоа, технолошкиот прогрес во вооружувањето воведува системи на оружја, опрема, сè посложени и чувствителни средства, чие одржување и употреба бара техничари и специјалисти-професионалци. Воените обврзници кои служат воен рок не се во можност да го достигнат тој степен на обученост пред сè поради времетраењето на воениот рок, кој е сè пократок. Новите борбени системи и другата борбена техника се премногу скапи и сложени за обука на граѓаните-обврзници, а модернизацијата на вооружените сили бара висок квалитет на човечкиот фактор. Покрај тоа, пазарната економија признава само високоефикасни и успешни организации, а на такви барања можат да одговорат само професионални, добро обучени и вооружени формации.

Меѓутоа, мора да се разгледува и општествениот карактер на проблемот. По Втората светска војна, посебно во периодот на педесеттите и шеесеттите годни, големината на вооружените сили, во однос на периодот меѓу двете војни, драстично се намалувала. Причина за тоа било воведувањето на вооружување и опрема на современата технологи-

ја и со високи технички карактеристики. Намалувањето на вооружените сили било придружено со истовремено драстично зголемување на издатоците. Поради тоа, во многу држави кои ја задржале обврската за служење воен рок, многу млади луѓе не го служеле, бидејќи потребите биле помали од потенцијалните регрути. На морален план, последиците мора да биле негативни, бидејќи оваа обврска е општа за сите. Периодичните промени на законите за ослободување од воената обврска (кои можеле различно да се толкуваат во зависност од тоа што во дадената ситуација за некого е поповолно), неповикувањето на студентите кои се од побогатите слоеви во општеството, во сите западни држави го поништиле принципот на општа обврска, што довело до дискриминација меѓу оние кои служат и оние кои не мора да служат воен рок, и тоа посебно во деликатен период од животот на младите луѓе (кога засноваат работен однос).

Денешните модели на постојните армии во светот концепциски може да се поделат во три групи:

1. Армии базирани исклучиво врз постојан состав и платени доброволци со договор на повеќе или помалку долг рок;
2. Армии базирани врз обврска за служење на воен рок (подолг или пократок), со помалку или повеќе доброволци по договор; и
3. Копнена војска од полициски тип.[2]

Ова значи дека на вооружените сили им стојат на располагање (врз основа на ситемот на регрутирање), извори за пополнување со луѓе кои ги сочинуваат:

- младинци кои ги исполнуваат условите за вршење на обврската за воената служба, и
- младинци-кандидати за доброволна повеќегодишна воена служба врз основа на договор.

За извршување на задачите кои им ги поставила владата, вооружените сили имаат одредени потреби за луѓе, кои треба да се приспособат на човечките ресурси. Поради тоа, потребно е да се располага со систем кој ќе овозможи за најкратко време да се одберат младинци и да се

[2] Rambaldi Eugenio, Modeli kopnenih vojski u svetu (prevod), Informativni bilten, IBP-4 /1990.

насочат во повеќе специјалности кои се неопходни за вооружените сили. Усвоени се и современи методи на селекција и професионална ориентација, чија цел е:

- на најдобар начин да се искористи човечкиот национален потенцијал;
- од секој младинец да се добие максимален резултат кога се користат неговите способности;
- да се зајакне моделот со создавање воени колективи во кои секој ќе се чувствува дека е на место кое одговара на неговите склоности и можности;
- да се придонесе во создавањето услови кои ќе овозможат брза и ефикасна обука и образование.

Методите на селекција и ориентација опфаќаат прегледи – испитувања и тестови, кои се вршат во специјализирани центри. Целта на селекцијата е да се утврди квантитетот и квалитетот на човечкиот потенцијал со кој се располага за да се задоволат барањата на структурите кои се пополнуваат со обврзници, или со војници по договор за потребите на професионалните армии.

За успешна и правилна селекција од големо значење е големината на човечкиот потенцијал со кој се располага. Од поголем број кандидати полесно може да се одберат оние кои по својот квалитет навистина ги исполнуваат условите за вклучување во вооружените сили. Меѓутоа, последниве десетина години државите се соочуваат со криза на мотивација кај младите за вклучување во вооружените сили. Според Академијата на Бундесверот,[3] две третини од граѓаните на Германија и дури 80% од младите во западниот дел се за укинување на задолжителната воена обврска и за воведување доброволна армија, а 30% од регрутниот контингент за упатување на отслужување на воениот рок биле подготвени да го откажат служењето. Според генералите, тоа било основна причина да не може да се пополни армија од 370.000 луѓе во 1994 година. Аналитичарите предвидуваат драстично зголемување на бројот на млади кои ќе ги одбиваат поканите за служење во армијата. Слична е и состојбата во другите европски држави.

---

[3] Избор, бр. 3, 1997 (Der Spiegel).

Сложена и изразито рафинирана организација како што е војската, никогаш не смее да ја потцени значајната улога на поединецот како фактор кој може да влијае врз зголемувањето на нејзината ефикасност. Секако дека високомотивираните поединци кои се наполно свесни за своето општествено значење и улогата што ја имаат во армијата, можат најмногу да придонесат за зголемување на ефикасноста. Во недостиг на доволен број мотивирани поединци за вклучување во вооружените сили, своето внимание државите мора да го насочат во правец на подобрување на животните услови и задоволување на личните потреби на припадниците на ВС, пронаоѓање на подобри решенија поврзани со проблемот на платите, унапредувањата, сместувањето, како и вклучување на членовите на нивните семејства во општествените текови. Треба да се обезбедат и услови за стекнување квалификации во вооружените сили кои ќе бидат корисни и по нивното напуштање. Така, на пример, Кабинетот на Владата на Шпанија, во 1994 година (во моментот кога сè поголем број од шпанската младина се повикувал на правото на одбивање на служењето на воениот рок од верски или други убедувања) им дал на воените обврзници големи привилегии и слободи. Задолжителното служење на воениот рок во Шпанија, како и секаде, не е популарно. Но додека Владата се противи служењето на воениот рок целосно да биде врз доброволна основа (што е многу поскапо) таа презема чекори со кои сака да го направи попри556влечно задолжителното служење. Министерството за одбрана се грижи воените обврзници да ги држи надвор од опасност, обврзани се да работат само 37,5 часа неделно, по отслужувањето на воениот рок имаат предност при вработувањето посебно во воените установи и полициските сили итн. Владата на Шпанија смета дека со овие преземени мерки ќе се зголеми мотивираноста на младите за вклучување во вооружените сили.

### *2. Мотивацијата и вооружените сили*

Мотивацијата како психолошки феномен е од посебно значење за војската. Во многу армии и речиси во сите војни биле изразени проблемите со немотивираноста на војниците за борба. Но и во мир меѓу вој-

ниците има немотивирани за воена служба, па старешините мораат постојано да наоѓаат начини за да ги поттикнат и да ги мотивираат.

Значењето на мотивацијата произлегува од нејзината природа која зазема централно место во психологијата, а не е доволно научно расветлена поради својата сложеност и значењето кое го има за вклучување на младинците во вооружените сили.

Значењето на мотивацијата на младите за вклучувањето во вооружените сили е од големо значење и поради тоа што од неа ќе зависи нивната мотивираност во процесот на обуката да вложат максимални напори за да ги совладаат сите тешкотии со кои ќе се сретнат, а со тоа максимално би се искористиле потенцијалите на секој војник. Тенденцијата за скратување на воениот рок од една, и потребата за што поголемо стручно и физичко оспособување, од друга страна, значително влијаат врз потребата од проучување на мотивацијата.

Значењето на проучувањето на мотивацијата се состои и во тоа што поттикнувачите и мотивацијата (надворешна и внатрешна) немаат иста општествено-идејна и воспитна вредност. Резултатите од обуката во вооружените сили не се исти кога мотивацијата се развива со притисоци, казни или со награди и сл., и кога се развива од човековото прифаќање и усвојување на целите на таа обука како свои внатрешни потреби. Ако војникот не е мотивиран да ја усвои обуката, тој брзо ќе ја усвои филозофијата на преживување и во единицата ќе биде обичен набљудувач.

Кога сакаме да дознаеме зошто одредена личност работи, презема некоја активност, во прашање се мотивите. Кога се прашуваме зошто човекот стапува во акција, го поставуваме прашањето на мотивацијата. Насоката на активностите и истрајноста во акцијата се аспекти на мотивацијата. Анализата на мотивацијата треба да одговори на прашањето: зошто луѓето во одредена ситуација дејствуваат и се однесуваат на ваков, а не на поинаков начин, кои се двигателите на нивното однесување и сл.?

Некои автори нагласуваат дека мотивацијата е состојба на решеност, подготвеност или готовност за одредена активност (пр.: Ничковиќ и Сомоловчев). Најчесто мотивацијата се одредува како „процес на придвижување на човековите потенцијали кон некоја цел, како насочување, одржување и завршување на однесувањето во согласност со вредностите на целта, условите и можностите на човекот. Мотивот е внатрешен фак-

тор кој поттикнува, придвижува, насочува, одржува и го интегрира човековото однесување.“[4]

Според тоа, под мотивација на младите за пополнување на воената организација се подразбира процес на придвижување на потенцијалите и нивно насочување кон усвојувањето на знаењата за основните вредности на нашето општество и нивната одбрана, формирање позитивни ставови кон нив и развивање на вештини и навики во согласност со задачите, условите во единиците и можностите на војниците. Бидејќи постојат две категории младинци со кои (врз основа на системот на регрутирање) се врши пополнување на вооружените сили, нормално е и нивната мотивација за вклучување во вооружените сили да се разгледува одделно.

Воените обврзници се „принудени“ да учат и да се оспособуваат за одбрана на земјата. Самиот принцип на обврзност произведува многу проблеми. Таков проблем е избегнувањето да се служи воениот рок, но и служењето во резервниот состав. Осудата на војната од страна на младата популација предизвикува и нејзин негативен став кон воениот позив воопшто што има тенденција на пораст. Во такви околности неможе да се очекува нивна мотивираност за вклучување во вооружените сили или лојалност спрема армијата, државата и нејзината воена политика. Од друга страна пак, мотивираноста и моралот во армијата се мошне значајни, а услов за нивно јакнење е и функционирањето на системот на општествени вредности. Ова е особено значајно во услови на војна. Бидејќи армијата нема некој особен третман како државна институција од особено значење, нејзините припадници ги чувствуваат сите проблеми со кои се соочува државата. Тоа го намалува војничкиот морал и неповолно влијае врз одбранбената моќ на државата. Зголемувањето пак, на слојот на сиромашните граѓани во голема мера влијае за нивните ставови кон војската, кои кај најголем дел од младите се негативни. Од односот на граѓаните кон војската треба да произлезе нејзината ефикасност и остварувањето на функциите што ѝ се доверени. Ова се проблеми кои тешко се решаваат со примена на законски санкции. Со нивна помош може да се „принуди“ само дел од обврзниците да ја исполни својата обврска, но ограничениот демографски потенцијал во малите држави, каква што е нашава, не може на тој начин да обезбеди доволен број рег-

рути. Ова е проблем во речиси сите држави кои своите армии ги пополнуваат со воени обврзници.

Некои држави проблемот го согледале од поодамна и принципот на обврзност го замениле со принциппт на доброволност.

Сепак, не може да се тврди дека сите граѓани ја избегнуваат својата воена обврска. Секогаш имало и има граѓани кои сакаат да служат во армијата и граѓани кои тоа не го сакаат. За жал, бројот на вторите е многу поголем. Служењето на воениот рок за повеќето млади луѓе претставува оптоварување, па тие бараат најразлични средства за да го избегнат. Поради тоа и приспособувањето на младите војници во армиските средини е отежнато, а нивната мотивираност за извршување на задачите во воените колективи е незадоволителна. Сето тоа влијае врз степенот на подготвеноста и обученоста на единицата за извршување на борбени и други задачи.

Друг проблем поврзан со избегнувањето на воената обврска од страна на граѓаните е нарушувањето на општоста на воената обврска. Општоста подразбира учество на сите способни граѓани (од машки пол) во подготовките на општеството за водење вооружена борба и извршување на други борбени задачи заради одбрана на територијалниот интегритет и суверенитет на државата. Неизвршувањето на воената обврска од страна на дел од граѓаните, предизвикува револт и негативен однос кон државата и нејзините вредности, а пред сè кон вооружените сили, на оние граѓани кои не можат да го избегнат исполнувањето на оваа обврска. Ваквата појава негативно влијае врз вкупната мотивираност на граѓаните за учество во подготовките за одбрана на државата и нејзините вредности.

Принципот на доброволност, автоматски ги апсорбира основите за појава на претходно наведените проблеми. Тоа е една од причините што на развиените демократски општества посоодветен им е принципот на доброволност во пополнувањето на нивните армии. Кога некоја должност се извршува доброволно, ангажирањето и резултатите се многу поголеми, што не е случај кога должноста се извршува под притисок. Војниците по договор доброволно се определуваат за воена професија и со доаѓањето во армијата тие доброволно ги прифаќаат бројните обврски и ограничувања. Се поставува прашањето: Кои се мотивите што пре-

судно влијаат врз определбата на младите луѓе доброволно да се пријават за служба во армијата? За да се сфати и да се разбере таквата активност на индивидуата, треба да се најдат причините кои ја предизвикуваат таа активност, т.е. таквото однесување на личноста. Некои причини се очигледни, а други пак бараат посложени испитувања и објаснувања.

Мотивите имаат објективно-субјективен карактер. Тоа значи дека човековата дејност не е условена само од субјективни фактори, туку и со силите надвор од личноста кои имаат социјално-економски карактер и дејствуваат врз субјективните фактори, остварувајќи на тој начин нова човекова потреба. Така, на пример, субјективни мотиви за вклучување во вооружените сили би биле:

- стремежот да се стекнат знаења потребни за воената професија;
- стремежот за углед во општествената средина;
- добивањето признанија;
- желбата да се постигне добра борбена оспособеност за одбрана на земјата;
- стремежот за нови сознанија и нови доживувања;
- чувството на лична подобност за воен позив; итн.

Социјално-економските фактори се изразуваат со влијанието на семејството и на потесната социјална средина врз определбата на личноста за воената професија:

- социјалното потекло;
- образовното ниво на родителите;
- занимањето и вработеноста на родителите;
- местото на живеење;
- комплетноста на семејството;
- бројот на деца во семејството;
- материјалната состојба на семејството и слично.

Честопати и посилно изразените карактеристики на личноста, како што се: интересите, ставовите, сложените чувства и сл., може да имаат улога на мотиви-двигатели.

Интересите се одраз на моменталниот однос на поединецот кон некои објекти и содржини, како и на стремежот да се занимава со нив.

Тоа е карактеристичната насоченост на човекот кон објекти, појави и вредности кои за него имаат посебно значење и со кои сака да се запознае. Интересот за вклучување во вооружените сили е условен со сознанието за целите и значењето на процесот на обуката и нивната емоционална привлечност. Но, поединецот може да има интерес кој ќе го задоволи само со мислите. Интересот за армискиот живот може да се задоволи и со читање воени списанија и гледање ТВ-емисии за животот на припадниците на армијата. Сепак, таквиот интерес често добива своја содржина и во активното учество во некоја дејност, па и во професионалното определување на поединецот кога прераснува во мотив за дејствување кој е повеќе или помалку траен. Интересите одржуваат позитивен однос кон работите и појавите и затоа имаат мотивациона сила која може да се зголеми до таа мера што ќе прерасне во мотив за дејствување.

Врската меѓу мотивите и ставовите е мошне сложена. „Општествените акции на поединецот ги одразуваат неговите ставови – трајни системи на позитивни или негативни оценувања, емотивни состојби и тенденции „за" или „против" во однос на општествените објекти"[5].

Ставот содржи мотивациона компонента, па според тоа и самиот став е мотив. Ставовите се најблизок пат за разбирање на мотивацијата, што во практиката има првостепено значење. Со нивното мерење, доаѓаме до мотивите кои се најзначајни за разбирање на човековите постапки. „Ниту една друга психичка карактеристика на човекот не влијае толку многу врз политичките, културните и други случувања во општеството, како што влијаат ставовите. Луѓето не доаѓаат во судири и сомнежи, не водат војни и револуции поради разликите во својата интелигенција, помнењето и слични карактеристики, туку поради разликите во ставовите"[6]. Ставовите имаат директно и динамично влијание врз однесувањето на поединецот, па преку нивното проучување може да се согледа, да се проучи и да се мери мотивацијата.

Според тоа, мотивацијата за воен позив подразбира „желба (формирана со искуство и учење) во услови на слободно избирање и донесување одлука за животната професија да се избере воената, и доследно и концентрирано да се преземат активности за оспособување за тој позив"[7]. Мотивацијата за воен позив се манифестира со пријавување за воена школа првенствено под влијание на личната подобност и активно

приспособување на условите за школување, со успешна реализација на своите интелектуални и други потенцијали во текот на школувањето.

Изградбата на армијата е детерминирана од влијанието на повеќе фактори, од кои како позначајни се издвојуваат популациските карактеристики на заедницата. Затоа мора постојано да се води сметка за нивната големина, да се овозможи соодветна мотивација, да се има високо чувство и позитивен однос кон сопствената армија и нејзиното значење за стабилноста и безбедноста на државата. Во таа насока, потребно е преземање соодветни мерки кои ќе го дадат потребниот стимул за зголемување на моралот во армијата, но и на мотивираноста на младите за активно вклучување во подготовките за одбрана на општествените вредности. Подобрувањето на квалитетот на живеење, зголемувањето на платите и бенефициите на припадниците на АРМ, подобрувањето на условите за живот и работа во воените колективи и слично, се само некои од мерките што треба да се преземат во периодот кој е пред нас. Иако се обемни, нивната неопходност ја наложува потребата од вложување максимални напори за нивно реализирање.

### *Заклучок*

Постоењето на армијата наметнува бројни прашања, а одговорот на тие прашања го дефинира нејзиниот статус и нејзината улога во државата. Едно од позначајните прашања кое се наметнува самото по себе е организацијата на пополнувањето што го дава моделот на војската со која располага некоја држава. Кога се разгледуваат, пак, моделите на војските, централно прашање е регрутниот систем кој сака да го примени некоја држава. Прашањето не е само од техничка природа туку пред сè е политичко. Проблемот на регрутацијата не може да се разгледува апстрактно, туку во контекстот на сите фактори кои го условуваат (идеолошки, политички, економски, социјални), имајќи ја предвид посебноста на воените организации.

Во зависност од моделот на пополнување на постојната армија, изворите на пополнување со луѓе ги сочинуваат:

– младинци кои ги исполнуваат условите за вршење на обврската

за воена служба, и

- младинци-кандидати за доброволна повеќегодишна воена служба врз основа на договор.

Последниве десетина години државите се соочуваат со криза на мотивацијата кај младите за вклучување во вооружените сили. Високомотивираните поединци кои се сосем свесни за своето општествено значење и за улогата што ја имаат во армијата, може најмногу да придонесат за зголемување на нејзината ефикасност. Таквите поединци во процесот на обуката вложуваат максимални напори, а со тоа максимално се искористуваат и нивните потенцијали.

Тенденцијата за скратување на воениот рок, од една, и потребата за што поголемо стручно и физичко оспособување, од друга страна, значително влијаат врз потребата од проучување на мотивацијата. Бидејќи за армијата најзначајни се човечките ресурси, треба постојано да се води сметка за нивната големина, да се овозможи соодветна мотивација и високо чувство и позитивен однос кон сопствената армија и нејзиното значење за стабилноста и безбедноста на државата.

## Литература


1. Bjorn, Moller, Defence Restructuring and Conversion in Post – Cold war Europe, Paper for the Second conference of the European Peace Research Associacton (Eupra), Budapest, 1993.
2. Булајић, Никола, Мотивација за учење, Војноиздавачки и новински центар, Београд, 1990.
3. Vjatr, Ježi, Sociologija vojske, Vojnoizdavački i novinski centar, Beograd, 1987.
4. Geršak, Teodor, Problemi zavračanja služenja vojskega roka v deželah članicah EGS, Teorija in praksa, Ljubljana, št. 7-8/1986.
5. Дамјановић, Д., Мотивација војника у обуци и васпитању, ВИЗ, Београд, 1989.
6. Zvonarević, Mladen, Socijalna psihologija, Školska knjiga, Zagreb, 1976.
7. Janowitz, Morris, The Professional Soldier – A Social and Political Portrait, The Fee Press, New York.
8. Krač, Kračfild, Balaki, Pojedinac u dru tvu, Beograd, 1972.
9. Лошић, А., Млади пред ступање у армију, Београд, 1973.
10. Maslov, A., Motivacija i ličnost, Nolit, Beograd, 1982.
11. Mann, L., Social psihology, London, John Willey, 1973.
12. Samolovčev, Borivoj, Teorijske osnove vojnog vaspitanja i obrazovanja, VIZ, Beograd, 1972.
13. Стаменковски, Алекса, Одбрана – демократија – војска, НИП Ѓурѓа, Скопје, 1997.
14. Шарп, Џин, Самостојна одбрана, Балкански центар за мир, Скопје, 1994.

## SUMMARY

Zorica SALTIROVSKA

### HUMAN POTENCIAL AND MOTIVATION FOR COMPLEMENTING OF THE ARMED FORCES

The exsistence of army number of questions, the answer of this questions defines its status and role in the state. One of the relevant questions which is always present for it selph, is the organizacion of recuitmant in which reflects the model of the army in every nacion. When we look at the models of different army, central question is not only based on a tehnical nature but first on the political nature. The problem of the recruitmant can not be observed metaphysicaly, but in the context of all factors which are determining this problem (ideological, political, economical, social), having in mind speciality of every military organizacion, Depending of the model of recruitmant in the existing army, the sources of recruitmant presume people as:

- youth which are acomplishing the conditions for observance military obligations and duty.
- youth - voluntary candidates for military service based on yearly contract.

In the last 10 years, the conties are confront with crisis in motivating the youth to join the military forces. The highmotivated individuals which are truly conscious of their social significance and role they have in the army, can administer for it efficiency. This individuals in the proces of tuition put their maxsimum effort to overcome all the difficulties on their way and to use their maxsimum potentials.

The trend of abbreviation of military obligation in one hand and need of extra professional skills and phisical conditions in other hand, make their relevance in the need of research of motivation. The most important segment for the army are people-resources which supposes care of it's growth and manage ezual motivation to have high sense and positive relation for own army and it's importance for stability and safety of the state.